# БИЛТЕН БРОЈ 4

ССНМ

ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ!

Volume 1, Issue 4

ССНМ
Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

Заедно сме посилни...

### Во овој број

| | |
|---|---|
| Жешко лето | 1 |
| Марш за солидарност | 2 |
| Регистрирани случаи | 3 |
| Пазар на трудот | 4 |
| ОБСЕ реагира | 5 |
| Активирај се! | 6 |

## Жешко и тешко лето, стотици без работа

Се соочуваме со извонредно тежок период  за сите во медиумската сфера. Македонскиот медиумски сектор, особено новинарството какво што досега го знаевме се на крстопат. На средина на летово тешко е да се направи точен биланс колку колеги ги загубија работните места. Ова,од проста причина што додека го читате овој Билтен некаде  уште некој колега  ќе се соочи со фактот дека останал без работа. Она што е уште пострашно од губењето на работата е начинот на кој тоа се случува – без отказни рокови, со измама или злоупотреба на потписи ставени на некакви „спогодбени решенија“,со одлуки  преку ноќ без предупредување, со забрана за влез во редакција, со страшната вистина дека усните договори за хонорари не им даваат правна основа за да го наплатат својот труд. Од јуни кога настапи драматично турбулентниот период на македонската медиумска сцена беше извесно дека трендот е застрашувачки и оти мораме да сториме се да се спротивставиме.Промените кои сега ни се случуваат се толку силни  што тешко дека некој ќе остане незасегнат. Затоа е многу важно да бидеме синдикално  организирани и да бидеме проактивни

ПРИДРУЖИ НИ СЕ!

АКТИВИРАЈ ГО ЧЛЕНСТВОТО!




## Марш за СОЛИДАРНОСТ

Директно мотивирани од отказите кои преку ноќ ги добија нашите колеги во Утрински весник и АЛСАТ –М , но и поради случувањата на Перо Наков и затворањето на медиумите што остави стотици луѓе без работа , како  и поради кршење на нашето професионално и човечко достоинство, ССНМ со поддршка од ЗНМ на 4 Јуни организираше Марш за солидарност. ССНМ уште еднаш потенцира дека протестот не беше ексклузивно за ниту еден медиум и за ниту еден новинар конкретно  туку за СИТЕ проблеми  и секојдневните кршења на нашите права и слободи со кои се соочуваме:

-заради оние кои со месеци работат без плата,за оние на кои не им се плаќаат пензиско и здравствено осигурување;за хонорарците кои го носат најголемиот товар од работата, а се обесправени;за дописниците кои се третирани како новинари од втор ред;за плаќања во кеш или во бонови;за директните закани и уцени да се пишува според наредба или да се потпишат туѓи текстови;за пријавените на скратено работно време; за само еден слободен ден во неделата, заради сите кршења на ЗРО за кои молчиме...



## Во потрага по правната држава

Во мај Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници прв пат од своето формирање обезбеди правна помош за тужби што осум новинари и медиумски работници во Телевизијата „Пинк 15“ ги поднесоа против работодавачот поради неисплатени плати и придонеси за три месеца.

-Обидот на нашиот синдикален претставник во ТВ АЛСАТ-М Боби Христов да воспостави комуникација со раководството резултираше со негов отказ и забрана за влез во Редакцијата. ТВ АЛСАТ при тоа направи фалсификат и злопотреби потпис на колегата Христов претставувајќи го неговиот отказ како „спогодбен“. За оваа пракса, која се применува не само во медиумската сфера беа информирани сите меѓународни и домашни инстанци, а е поднесена и тужба на суд.

По неколкуте обиди , да се замолчи од АЛСАТ ТВ на ист начин отпуштена е и претседателката на ССНМ Тамара Чаусидис. Станува збор за скандалозен преседан непознат за европските демократии. ССНМ ќе покрене тужба пред надлежниот Суд, а правната битка ќе се води во име на сите работници кои биле измамени или уценети да стават потпис на сопственост отказ. За ова е информирана Меѓународната и европската федерација на новинари,како и Интернационалната федерација на трудот.

*„ССНМ одлуката на ДТИ за колегите од Утрински ја смета за поттик да ги бараме нашите права“*

## Случај Утрински весник

И покрај барањата за преговори со раководството, одговорните во Медија Принт Македонија донесоа одлука надвор од согласноста на Синдикатот за кратења на работните места во Утрински весник. Соочени со одлуката вработените спонтано организираа прекин на работата. Одговорот на МПМ дојде експресно – најнапред две колешки, а потоа уште тројца се избркани без отказен рок, со забрана за влез во редакцијата. Државниот трудов инспекорат по претставката на колегите од Утрински оцени дека при отпуштањата не се почитувани сите законски процедури и донесе решение за враќање на работа на отпуштените. МПМ ваквата одлука ја обжали и сега се чека одлуката на второстепената комисија при Министерството за труд и социјална политика. Во случај жалбата на МПМ да не биде усвоена Решението на ДТИ ќе стане извршно. Меѓутоа, знаејќи ја силата на „убедувањата“ преку телефон нема да бидеме изненадени доколу второстепената комисија ја усвои жалбата на МПМ. Во тој случај, останува правдата да се бара на суд и тоа е нешто од што колегите од Утрински нема да отстапат.

## ССНМ и медиумите на ул. Перо Наков

Драмата на медиумите лоцирани на улица „Перо Наков“ која ја следевме од ноември 2010 заврши со стечај за ТВ А1, а истото се најавува и за ШПИЦ, ВРЕМЕ и „КОХА е ре“. ССНМ обезбедува правни совети и помош на нашите членови во постапката за побарување на неисплатените плати и давачки од стечајната маса на фирмите, согласно Законот за стечај. За жал најголеми жртви на акцијата за гаснење на медиумите се колегите кои дел од своите приходи или целиот приход ги добиваа како авторски хонорар.

Поуката од случувањата со медиумите кои дојдоа на удар на УЈП е недвосмислена: мораме да бидеме организирани и да не дозволиме сомневањата за криминал на сопствениците да не замолкне и остави на улица.Со други зборови ни треба силен синдикат кој ќе не заштити и нема да дозволи да бидеме жртви на пресметките меѓу бизнисот и политиката.

## Хаос на пазарот на трудот

И покрај континуираните апели за изнаоѓање начин да опстанат медиумите на сопственикот Велија Рамковски осомничен за даночно затајување – стечајната постапка на ТВ А1 и блокираната сметка на ПЛУС продукција – остави на улица неколку стотици наши колеги.

Затворањето на медиумите предизвика тектонски пореметувања на пазарот на трудот што неминовно ќе засегнат секој од учесниците во оваа стопанска дејност. Понудата е повеќекратно зголемена,а побарувачката се помала. ССНМ освен совети и поддршка е подготвен да влезе и во правна битка секаде каде што ќе се констатира непочитување на процедурата и правата од ЗРО безоглед дали одреден потег на работодавачите е економски оправдан.

Во меѓувреме колеги не заборавајте да бидете СОЛИДАРНИ! Потрагата по работа, но и чувањето на работното место не значи гладијаторска битка на живот и смрт! Уривањето на пазарот ги засега сите и никој нема да биде заштитен доколку дозволиме експоатацијата на трудот да излезе од контрола. За жал ситуацијата во која работиме е далеку од тоа да создаде здрава конкуренција. Затоа е многу важно да знаеме дека имаме заеднички проблеми и дека само заедно и обединети можеме да ги решиме. Секој од нас поединечно е слаб и немоќен нешто да смени, но заедно сме респектабилна сила.





## Власта стави рака врз СРД и медиумската сфера

ССНМ заедно со ЗНМ и МИМ беше вклучен во разговорите со владата поврзани со измените на Законот за радиодифузија. И покрај нашето противење, измените беа донесени и бројот на членови на Советот за радиодифузија (СРД) се зголеми од 9 на 15 членови.ССНМ, ЗНМ и МИМ сметаат дека намерата на власта е да оствари комплетна контрола врз СРД. Воедно трите медиумски организации најостро го осудија укинувањето на фреквенцијата на ТВ А1 од страна на АЕК. Укинувањето на фреквенцијата е направено без одлука за одземање на дозволата на А1 од страна на Советот за радиодифузија Ваквиот преседан сериозно ја загрозува слободата на изразувањето, независноста на медиумите и независноста на регулаторното тело во радиодифузијата. Суспендирана е правната држава и владеењето на правото, со што се поставува модел на однесување според кој дозволите за работа на радиодифузерите и во иднина можат да бидат одземени без да се почитуваат процедурите и меѓународните стандарди.

## ОБСЕ се почесто реагира

Случувањата во медиумската сфера како и отказот за претседателската на ССНМ беа повод за последното, четврто писмо што преставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ Дуња Мијатовиќ го испрати до шефот на македонската дипломатија.

Во врска со отказот за синдикалниот лидер Мијатовиќ вели:

“Иако овој чекор на Алсат-М ТВ би можел да се прикаже како чиста деловна одлука, всушност таа е индикација за високополитизираната природа на состојбите во медиумите и за стравот од критичките гласови”

Овие дејствија се последните во серијата на вознемирувачки настани кои ја погодуваат слободата на медиумите во земјата, додаде таа.

Мијатовиќ им понуди на властите асистенција од страна на нејзината канцеларија при ОБСЕ за да и се помогне на земјата да го сврти овој вознемирувачки тренд и да ги исполни заложбите зацртани од ОБСЕ и меѓународните стандарди за слобода на медиумите

## ЗАЕДНО СМЕ ПОСИЛНИ!

Градски ѕид блок 13,
1000 Скопје
Република Македонија
**тел (02) 2671 201**

тел: (02) 3298-139
Факс: (02) 3116-447
ssnm.info@gmail.com
ssnm@live com

**жиро сметка**
**ССНМ Скопје**
**210066586600189.**
**НЛБ Тутунска банка**

Колеги, според Законот за работни односи и според Статутот на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници член на синдикатот се станува со плаќање на членарината. Затоа, повторно апелираме до сите кои имаат пополнето пристапници, но се уште не почнале да ја плаќаат месечната обврска дека тоа може да го направите преку траен налог даден во банка, преку сметководството во медиумот во кој работите, или преку директна уплата во просториите на ЗНМ каде времено е стационирано седиштето на ССНМ.

Наскоро
www.ssnm.org.mk

## Зошто да се членува во ССНМ

Членството во ССНМ ви обезбедува бесплатна правна помош и застапување пред суд во случај на кршење на вашите права од работен однос. Членството воедно значи и јакнење на Синдикатот, негова финансиска независност, солидарност со сите на кои им е потребна помош. Сите членови на ССНМ имаат право на учество на годишното Собрание, имаат право да бираат и да бидат бирани во телата на ССНМ. Членството во Синдикатот престанува во случај на неплаќање на членарината подолго од три месеци. Членството се активира со повторување на постапката за зачленување од почеток . Секаде каде што има повеќе од 5 члена на ССНМ е можно да се формира синдикална група со свој синдикален претставник. Тој според ЗРО е заштитен од отказ и намалување на платата, но од друга страна е обврзан да биде на располагање на сите членови и да одговори на нивните синдикални потреби.

Раководството на ССНМ ги добива информациите за случувањата во вашата работна организација и потребите на членството од вашиот синдикален претставник .Од него зависи дали и колку ССНМ ќе биде ангажиран за тоа што се случува во вашата организација. Свесни сме за обидите на менаџментот во повеќе медиуми да ги изолира синдикалните групи од раководството на ССНМ. Тоа е со јасна цел – така изолирани се повеќе подложни на притисоци.Затоа не дозволувајте да бидете изманипулирани—барајте ги вашите права!

ССНМ е тука за вас!

